МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
MINISTRIA E MJEDISIT JETËSOR DHE PLANIFIKIMIT HAPËSINOR
Бр.-Nr. 05-522/14
22.03.2022 год.-viti

Врз основа на член 75 став 4 од Законот за јавни набавки ("Службен весник на Република Македонија" Бр.24/19), одговорното лице на Министерството за животна средина и просторно планирање, донесе

# ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ГОДИШЕН ПЛАН ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ ЗА 2022 ГОДИНА НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Годишниот план за јавни набавки за 2022 година, бр.05-522/12 од 18.03.2022 година, се дополнува согласно следното:

Врз основа на член 172 став 4 од Законот за животна средина („Службен весник на Република Македонија" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18) Владата на Република Северна Македонија на седницата одржана на 8 февруари 2022 година донесе Програма за инвестирање во животна средина за 2022 година. Во годишната програма предвидени се активности за кои е потребно да се објави оглас за јавна набавка, и тоа: Подршка на мерки и активности за заштита на животната средина во Република Северна Македонија; Подготовка на планови за намалување на загадувањето и подобрување на квалитетот на амбиентниот воздух за општините: Охрид, Струга, Прилеп, Штип и Велес, идентификација на изворите на емисии во воздух за општините Велес, Охрид, Гостивар и Струга и мерење на квалитет на воздух за општините Охрид, Струга и Штип; Мапирање на најзначајните геоморфолошки локалитети (пештери) со опис на состојба на терен и акциски план за заштита и Дополнување на Студија за ревалоризација на Споменикот на природата Катлановски Предел.

Согласно обезбедените финансиски средства во буџетот на МЖСПП за 2022 година и доставениот проект од општина Богданци, се предвидува да се објави оглас за доделување на договор за јавна набавка на работи за Реконструкција на системот за водоснабдување во Богданци. Согласно Законот за градење при изведба на градежни работи потребно е да се обезбеди надзорен орган кој ќе врши стручен надзор над градбата. Согласно тоа, се предвидува постапка за Вршење на стручен надзор при Реконструкција на системот за водоснабдување во Богданци.

| Бр. | Предмет на договорот за јавна набавка | Шифра според ОПЈН | Очекуван почеток на постапката (месец) | Процената вредност на договорот без ДДВ (денари) | Вид на постапка | Забелешки |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| II. Договори и рамковни спогодби за јавни набавки на услуги | | | | | | |
| 1 | Подршка на мерки и активности за заштита на животната средина во Република Северна Македонија | 90720000-0 | април | 2.542.373,00 ден. | Поедноставена отворена постапка | |
| 2 | Вршење на стручен надзор при Реконструкција на системот за водоснабдување во Богданци. | 71250000-5<br>71520000-9 | април | 4.285.430,00 ден. | Поедноставена отворена постапка | Повеќе годишна јавна набавка |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 3 | Мапирање на најзначајните геоморфолошки локалитети (пештери) со опис на состојба на терен и акциски план за заштита | 71354100-5 | мај | 423.729,00 ден. | Набавка од мала вредност | |
| 4 | Подготовка на планови за намалување на загадувањето и подобрување на квалитетот на амбиентниот воздух за општините: Охрид, Струга, Прилеп, Штип и Велес, идентификација на изворите на емисии во воздух за општините Велес, Охрид, Гостивар и Струга и мерење на квалитет на воздух за општините Охрид, Струга и Штип | 90712000-1<br>71240000-2 | јуни | 4.237.288,00 ден. | Поедноставена отворена постапка | |
| 5 | Дополнување на Студија за ревалоризација на Споменикот на природата Катлановски Предел | 73110000-6<br>90720000-0 | јуни | 423.729,00 ден. | Набавка од мала вредност | |

**III. Договори и рамковни спогодби за јавни набавки на работи**

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Реконструкција на системот за водоснабдување во Богданци. | 45000000-7 | април | 214.271.421,00 ден. | Отворена постапка | Повеќе годишна јавна набавка |

**Министер,**
Naser Nuredini

**Изработил:** Burbuqe Haxhijaha
**Контролирал:** Osman Mislimi
**Одобрил:** Марјан Крстевски
Весна Петрушевска